

Центар за Економски Анализи - ЦЕА

# ЕКОМОНСКО-СОЦИЈАЛЕН И ДЕМОГРАФСКИ
# ПРОФИЛ
# НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Мај 2013, Скопје

# Профил на Општина Гази Баба

## Центар за економски анализи (ЦЕА)

**Мај 2013, Скопје**

До: Г-дин Тони Трајковски
Градоначалник на општина Гази Баба
1000 Скопје,
Република Македонија

Копија: Г-дин Сашо Трајков
Тим лидер за ЛЕР
1000 Скопје,
Република Македонија

Датум: Мај 2013

Почитувани,

Центарот за економски анализи го поднесува Предлог Профилот на Општина Гази Баба за усвојување од страна на ЛЕР тимот.

Со почит,

Марјан Николов

Претседател на ЦЕА

**СОДРЖИНА:**


| | |
|---|---|
| **ВОВЕД** | **4** |
| **НАСЕЛЕНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ** | **4** |
| **СОЦИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ** | **10** |
| **ВРАБОТЕНОСТ И НЕВРАБОТЕНОСТ** | **16** |
| **ДОМУВАЊЕ** | **33** |
| **СОГЛЕДУВАЊА И ДВИЖЕЊА** | **40** |

## ВОВЕД

Во овој документ Центарот за економски анализи го презентира предлог Профилот на Општината Гази Баба. Профилот беше изработен во тесна соработка со ЛЕР Тимот на ОГБ, а поглавјата од профилот беа усогласени со Тим лидерот на ЛЕР Тимот. При изготвувањето на профилот се соочивме со недостаток на податоци за подлабока анализа, пред се поради неуспешниот попис во 2011 година. Секаде каде што беше можно се водевме со анализа на податоци согласно динамика на споредба на 2011 со 2006 и 2002 година како и структурна споредба на ОГБ со Градот Скопје и со просекот за Република Македонија. При споредбата на динамиката внимававме на промената на територијалните граници на ОГБ во тој период.

## НАСЕЛЕНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Населението во секоја заедница е еден од главните ресурси. Возрасната структура, образованието, вештините се важен фактор во способноста на населението да се носи со општествените и економските современи промени. Понатаму во текстот табелите ги илустрираат демографските и образовни карактеристики на населението.

### Возрасни групи на населението

Популацијата на ОГБ може да се заклучи дека старее. Од статистичката евиденција за 2011г. можеме да лоцираме дека 13% од популацијата е на возраст поголема од 65 години и споредбено со 2002г. таа старосна група пораснала за 5%, додека во однос на 2006г. пораснала за 2%. Тоа што како карактеристика може да се забележи кога ќе погледнеме на возрасните пропорции, е фактот што во 2011г. 56% од популацијата е во возрасниот интервал од 25 - 65 години, што е за 1% повеќе од 2002г., додека нема промени во однос на 2006г. Во 2011г. речиси 1/3 од популацијата е во возрасниот интервал над 50 години, или 32% што е за 6% повеќе во однос на 2002г., и 2% во однос на 2006г. Тоа покажува дека населението почнало да старее. Индикатор што укажува на овој факт е и намалувањето на најмладата возрасна група од 0 - 14 години, од 20% во 2002г., на 19% во 2006г. и 18% во 2011г. Оваа промена во возрасната структура на населението ќе влијае и на промената на локалните услуги кои ќе бидат под притисок со цел да се прилагодат на возрасната структура на населението.

Што се однесува до компарацијата со градот Скопје и Република Македонија, можеме да констатираме дека нема значајни отстапувања и населението во различните старосни интервали е речиси со исти пропорции.

| | 2002 | | |
|---|---|---|---|
| Табела 1. | **РМ** | **Скопје** | **ОГБ** |
| | % | % | % |
| под 5 години | 6% | 6% | 6% |
| 5 - 14 години | 15% | 13% | 14% |
| 15 - 24 години | 16% | 15% | 15% |
| 25 - 39 години | 22% | 23% | 23% |
| 40 - 49 години | 14% | 15% | 14% |
| 50 - 64 години | 15% | 19% | 18% |
| 65 - 84 години | 10% | 10% | 8% |
| над 85 години | 0% | 0% | 0% |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија , Попис 2002г.

График 1. – Населението во ОГБ, РМ и Скопје во 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Табела 2.

| | 2006 | | |
|---|---|---|---|
| | **РМ** | **Скопје** | **ОГБ** |
| | % | % | % |
| под 5 години | 6% | 6% | 6% |
| 5 - 14 години | 13% | 12% | 13% |
| 15 - 24 години | 16% | 14% | 14% |
| 25 - 39 години | 22% | 23% | 23% |
| 40 - 49 години | 14% | 14% | 14% |
| 50 - 64 години | 17% | 19% | 19% |
| 65 - 84 години | 10% | 11% | 11% |
| над 85 години | 0% | 1% | 0% |

Извор: Државен завод за статистика

График 2. – Населението во ОГБ, РМ и Скопје во 2006г.




Извор: Државен завод за статистика

График 3. - Населението во ОГБ, РМ и Скопје во 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 4. – Населението во ОГБ, РМ и Скопје во 2006г.




Извор: Државен завод за статистика

График 5. – Населението во ОГБ, РМ и Скопје, според пол и вкупно, во 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

**Пораст на населението**

Во однос на апсолутниот пораст на населението во периодот 2002 - 2006г. можеме да констатираме дека состојбата е релативно незначително променета и се движи меѓу 1% и 2%. Додека на ниво на РМ и ОГБ порастот е 1%, во градот Скопје тој пораст е 2%. Од друга страна порастот е главно концентриран во т.н. населени места кои гравитираат на урбаните граници. Тоа поради ограничените финансиски ресурси на општините, а во таа насока и на ОГБ, ќе претставува значително финансиско оптоварување ако се има во предвид дека главните проблеми на тоа население е од инфраструктурна природа.

**Етничка структура**

Во однос на етничката структура ОГБ претставува вистинска мултикултурна средина. Во однос на пропорциите на етникумите во вкупната структура на населението во ОГБ, таа се разликува во однос на Република Македонија, додека во однос на градот Скопје е во истите рамки со мали отстапувања. Како и да е, очекувањата и потребите на една мултикултурна популација за општински услуги во голема мера ќе се разликува од оние општини со похомогена етничка структура.

График 6. – Етничка структура во ОГБ, РМ и Скопје




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

**Тип на домаќинства**

Во однос на типот на домаќинства, состојбата во ОГБ е релативно иста со таа во градот Скопје и Република Македонија. Она што веднаш може да се забележи е фактот што речиси 90% од сите домаќинства во ОГБ го претставуваат индивидуалните семејни домаќинства. Во однос на структурата на индивидуалното семејно домаќинство, можеме да забележиме дека доминираат домаќинствата со 4 члена во семејството. Тоа претставува 1/3 од вкупниот број на индивидуални семејни домаќинства. Што се однесува до другите три категории (со 2 члена, со 3 члена и со 5 и повеќе членови во семејството), тие учествуваат со по 22 - 23% во вкупната структура на индивидуалното семејство.

График 7. – Населението според тип на домаќинства, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 8. – Индивидуални семејни домаќинства, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

**<u>Степен на образование</u>**

Во овој сегмент најсвежи податоци имаме само на ниво на РМ, и тоа за 2011г. Нивото на образование во 2002г. во ОГБ и градот Скопје низ различните старосни групи се движи во истите рамки, со мали отстапувања. Но во однос на национално ниво пропорционално ОГБ има значително пообразовани лица. Интересно е да се направи споредбата на образованието на вкупната популација во однос на старосната група 25 - 34 години, со цел да се согледа дали се зголемува нивото на образование. На национално ниво во 2011г., трите најприсутни степени на образование (средно, више и високо), учествуваат со 48% што е за 1% повеќе во однос на 2002г. Но ако во групата на средно образование се земат и тие со трет степен (кој во 2011г. бил 9%) состојбата е значително подобра во однос на 2002г. Од друга страна, во 2002г.таа состојба во рамките на групата 25 - 34 била 58%. Во 2002г. во ОГБ состојбата била значително подобра во однос на таа на национално ниво. Во однос на вкупната популација во ОГБ во 2002г., 3-те најприсутни степени на образование учествувале со 60%. Додека кај групата 25 - 34 години во 2002г. напредокот во делот на степенот на образование е уште поизразен и учествува со 77%. Што се однесува до високото образование, сликата е малку поразлична. Во овој сегмент во однос на вкупната популација најмногу дипломирани граѓани има во градот Скопје, 18%, наспроти 6% во ОГБ. Меѓутоа во рамките на групата 25 - 34 години сликата се менува и процентот на високообразовани лица во ОГБ изнесува 16% наспроти 18 проценти во градот Скопје. Ова укажува на фактот дека се повеќе млади луѓе од ОГБ имаат повисок степен на образование што претставува добар сигнал за сите сфери од живеењето на општината. Податоците од 2011г. укажуваат на значителна промена на состојбата со високообразовани лица. На ниво на РМ 12% од населението има високо образование, што е за 5% повеќе во однос на 2002г. додека вишото образование од 3% во 2002г. се намалува на 2% во 2011г. Ако ја имаме предвид сликата од 2002г., сигурно трендот на промени во 2011г. е силно присутен и во ОГБ и РМ. Таквата нова состојба изразена преку фактот на силна корелација помеѓу високото образование и индивидуалните високи приходи и активното политичко учество, значи дека жителите на ОГБ на среден рок ќе побаруваат услуги со различен квалитет и квантитет. Ако степенот на образование го ставиме во корелација со стапката на вработеност ќе видиме дека во РМ во 2011г. во однос на 2006г. имаме благ пораст од 1% (од 72% на 73%) во делот на терцијалното образование, додека во однос на средното и основно образование имаме пад од 3% на стапката на вработеност на лицата со средно и основно образование.

| Табела 3. | **РМ** | **Скопје** | **ОГБ** |
|---|---|---|---|
| се уште се во процес на образование | 0% | 0% | 0% |
| без училиште | 4% | 3% | 4% |
| некомплетно основно образование | 14% | 7% | 9% |
| со основно образование | 35% | 24% | 28% |
| средно образование | 37% | 49% | 52% |
| више образование | 3% | 4% | 2% |
| висока школа, факултет, академија | 7% | 13% | 6% |
| магистратура | 0% | 0% | 0% |
| докторат | 0% | 0% | 0% |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 9. – Степен на образование во ОГБ, РМ, Скопје




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 10. – Степен на образование во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 11. – Степен на образование во ОГБ, РМ и Скопје (15 – 24 години)




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Табела 4. – Степен на образование од 15 – 24 години во ОГБ, РМ и Скопје

| 15 - 24 години | **РМ** | **Скопје** | **ОГБ** |
|---|---|---|---|
| без училиште | 1% | 1% | 1% |
| некомплетно основно образование | 4% | 2% | 2% |
| со основно образование | 36% | 19% | 20% |
| средно образование | 47% | 58% | 60% |
| више образование | 2% | 2% | 1% |
| висока школа, факултет, академија | 9% | 18% | 16% |
| магистратура | 0% | 1% | 0% |
| докторат | 0% | 0% | 0% |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 12. – Степенот на образование во корелација со стапката на вработеност во РМ, 2011г. и 2006г.




## СОЦИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**Брачна состојба**

Во овој сегмент речиси е подеднаква состојбата во РМ, Скопје и ОГБ. Како карактеристика се издвојува повеќе од 50 % учество на мажените и женетите лица. Забележително е поголемото процентно учество на неженетите мажи наспроти немажените жени, иако тој процент треба да се намали за по 10% и кај мажите и кај жените, поради 20 % учество на населението до 15 години. Како и да е бројот на самци мажи и жени расте.

Очигледен е фактот на поголем број разведени жени наспроти мажи иако тој процент е незначителен, како и на поголемиот број на жени вдовици, што укажува на релативно подолг животен век на жените. Сите овие информации во значителна мера ќе ни помогнат во структуирање на општински услуги кои треба да создадат интегрирана локална заедница, а во функција на горе наведените социјални групи.

| Табела 5. - брачна состојба мажи | РМ | Скопје | ОГБ |
|---|---|---|---|
| неженет | 45% | 44% | 44% |
| женет | 52% | 52% | 53% |
| вдовец | 3% | 3% | 3% |
| разведен | 1% | 1% | 1% |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

| Табела 6. - брачна состојба жени | РМ | Скопје | ОГБ |
|---|---|---|---|
| немажена | 37% | 37% | 37% |
| мажена | 53% | 51% | 54% |
| вдовица | 8% | 9% | 7% |
| разведена | 1% | 3% | 2% |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 13. – Брачна состојба на мажи, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 14. – Брачна состојба на жени, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

**<u>Природно движење на населението – витални статистики</u>**

Во однос на природното движење на населението во ОГБ може да заклучиме дека таа состојба и понатаму има позитивен природен прираст. Природниот прираст на 1000 жители изнесува 4,9. Во 2011г. имаме податоци само за регионите, и состојбата е како што следува. Најголем дел од природниот прираст е лоциран во Скопскиот регион, речиси 2/3, иако во однос на 2002 година имаме намалување на природниот прираст од 4,9 на 3,3 лица за РМ и 2,6 лица за Скопскиот регион на 1000 жители.

График 15. – Природно движење на населението на ОГБ, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 16. – Витални статистики по региони и РМ, 2011г.



Извор: Државен завод за статистика

**Пензионери, Место на раѓање, Државјанство, Миграциони движења**

Сегментот на пензионерите ни дава сознание дека таа социјална група се повеќе расте. А тоа се должи на релативното старееење на популацијата, како во ОГБ така и во Скопје и РМ. Додека во минатото миграционите движења биле силно изразени, пред се на релација внатрешност – Скопје, а во таа насока и во ОГБ, во 2004 и 2005 година тие движења се речиси незначителни, како во однос на доселени така и во однос на отселени. Тоа покажува дека негативните миграциони трендови се сопрени. Таквата состојба на незначитекни миграциони движења се задржува и во 2011 година.

График 17. – Пензионерите во % во ОГБ, РМ и Скопје, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 18. – Миграциони движења во ОГБ, РМ и Скопје, 2002г.




График 19. – Миграциони движења во ОГБ, РМ и Скопје, 2002г.



Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 20. – Миграциони движења во ОГБ, РМ и Скопје, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

| Табела 7. – Миграциони движења во ОГБ, РМ и Скопје, 2002г. | **РМ** | **Скопје** | **ОГБ** |
|---|---|---|---|
| **доселени** | 12038 | 5251 | 728 |
| **отселени** | 12151 | 4446 | 682 |
| **миграционо салдо** | -113 | 805 | 46 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 21 – Миграциони движења во ОГБ, РМ и Скопје, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

## ВРАБОТЕНОСТ И НЕВРАБОТЕНОСТ

**Економски активни и економски неактивни лица**

Во овој сегмент состојбата во ОГБ е во соодност 51% наспроти 49% за економски активните лица. Веднаш до израз доаѓа релативно високиот процент на економски неактивното население.

Во однос на половата застапеност, од вкупниот број на економски активни лица 60% се мажи наспроти 40% жени, додека во однос на вкупниот број на економски неактивни лица состојбата е обратна.
Бидејќи немаме најнови статистички податоци за ОГБ, за согледување на трендовите, подоле со неколку графички прилози ја презентираме состојбата на ниво на РМ во 2011 година.

График 22. – Вкупно население според активноста, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 23. – Вкупно население над 15год. според активноста, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 24. – Економски активни лица, 2002г.




График 25. – Економски неактивни според полот, 2002г.



Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 26. – Вкупно работоспособно население според економска активност во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 27. – Работоспособно население во РМ според пол и образование, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 28. – Неактивно население во РМ според пол и образование, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 29. – Стапка на активност, вработеност и невработеност по региони во РМ над 15 години, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

**<u>Економско активни вработени и невработени лица</u>**

Во делот на економски активни вработени лица во ОГБ, 34% од вкупната популација над 15 години е вработена. Доминира машката популација во однос на вработеноста и тој соодност е 60% наспроти 40 % во корист на мажите. Во структурата на економско вработените и активни лица доминираат лицата над 40 години со 53 – 56 % вработеност. По нив следи највиталната возрасна група 25 – 39 години, со 40% вработеност. И на крај следи најмладата возрасна група 15 – 24 години со 7%.

Наспроти горе кажаното, во ОГБ има голема невработеност. Таа изнесува 33% и во овој сегмент меѓу 58 - 60 % мажи се невработени наспроти 40 – 42 % жени. Во однос на структурата на невработеноста според возрасните групи доминира највиталната возрасна група 25 – 39 години со 47% во ОГБ наспроти 28% на ниво на РМ. Додека најмаладата возрасна група 15 – 24 години и над 40 години имаат подеднакво учество во невработеноста, меѓу 25 - 29 %, освен на ниво на РМ каде најмладата возрасна група учествува во невработеноста со речиси 44%. Во однос на долгорочната невработеност неповолен индикатор е што повеќе од 80% од вкупно невработените лица се подолго од една година невработени.

<u>Бидејќи немаме најнови статистички податоци за ОГБ, за согледување на трендовите, подоле со неколку графички прилози ја презентираме состојбата на ниво на РМ во 2011 година.</u>

График 30. – Економски активни вработени лица, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 31. – Вработени според возраста, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 32. – Економски активни невработени лица, 2002г




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 33. – Невработени според возраста, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 34. – Вкупно активни вработени и невработени лица во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 35. – Вработени и невработени според степенот на образование во РМ, 2011г.



Извор: Државен завод за статистика

График 36. – Вработени според степенот на образование по пол во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 37. – Невработени според степенот на образование по пол во РМ, 2011г.



Извор: Државен завод за статистика

График 38. – Положба во работата, 2002г.




График 39. – Долгорочно невработени, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 40. – Положба во работата во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 41. – Долгорочно невработени во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 42. – Стапка на вработеност на населението на возраст над 15 години според полот и возраста во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 43. – Стапка на невработеност на населението на возраст над 15 години според полот и возраста во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 44. – Невработени, Вработени и Работна сила на возраст над 15 години според полот и возраста во 4-то тромесечје во РМ, 2012г.



Извор: Државен завод за статистика

**Вработеноста од аспект на занимање и индустрија**

Генерално во ОГБ застапени се сите занимања, и тие во основа ја претставуваат индустриската структура присутна во општината и градот Скопје. Доминираат трговците со 17%, потоа следуваат рударските и градежните занимања со 16%, па техничарите со 15%, занимањата поврзани со ракување на машини и постројки со 13%, службениците со 12%, потоа елементарните занимања со 11%. Забележително е малата 9% присутност на занимањата како стручњаци и научници наспроти 20% во градот Скопје како и нулта присутност на занимањата поврзани со земјоделието, шумарството и рибарството, како во ОГБ така и во градот Скопје, наспроти РМ каде ова занимање зафаќа 4%. Занимањата поврзани со управувањето во јавниот и приватнот сектор, како и политичките функционери, се застапени со 6% во ОГБ и РМ односно 8% во градот Скопје.

График 45. – Вработеност според видот на занимање, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Во однос на апсорцијата на вработените во индустријата на ОГБ доминира преработувачката индустрија со 26%, потоа следи трговијата со 16%, сообраќајот и комуникациите со 10%, јавната управа и одбрана со 9%, градежништвото со 8%, здравството со 7% и образованието со 6%, недвижнини и деловни активности 4%, комунални, културни и други услужни активности исто така со 4%, финансиско посредување 2% и снабдување со електрична енергија, гас и вода со 2%. Оваа процентуална застапеност на вработените во индустријата на ОГБ подеднакво се отсликува и на ниво на град Скопје и на национално ниво. За 2011г. имаме податоци само за вработеност во сектори на дејност во РМ по НКД рев. 2.

График 46. – Вработеност според индустријата, 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 47. – Вработени според сектори на дејност по НКД рев. 2 во % во РМ, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

**Економско активни претпријатија според дејноста и бројот на вработени**

Ако по нешто ОГБ е препознатлива во градот Скопје и пошироко во РМ тоа се компаниите лоцирани на нејзина територија. Во таа насока состојбата со компаниите во ОГБ, во извесна смисла претставува и одраз на состојбите во градот Скопје и РМ. Во овој момент (2008г.) можеме да констатираме дека активни компании кои реално функционираат и делуваат на ниво на ОГБ се 2726, во Скопје се 24315, и во РМ се 65059 компании. Веднаш може да заклучиме дека ОГБ учествува со 10% во вкупниот број на активни компании во градот Скопје, додека компаниите од градот Скопје претставуваат речиси 38% од компаниите во РМ. Во 2011г. во однос на 2008г.имаме пораст на бројот на претпријатија, како во однос на нивната големина, така и во однос на бројот на вработени, и тоа во апсолутна смисла во РМ за 10,6%, во градот Скопје за 10,2% и во ОГБ за 9,6% .

График 48. – Број на претпријатија, 2008г.




График 49. – Број на претпријатија според големината, 2008г.




Извор: Државен завод за статистика, 2008г.

График 50. – Број на претпријатија според големина, 2011г.




График 51. – Број на претпријатија според број на вработени, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

Во однос на бројот на компаниите од аспект на дејноста од која доаѓаат можеме да констатираме дека најголем број од компаниите се занимаваат со трговија, од 37% во градот Скопје, 42% во РМ до 43% во ОГБ. Потоа како дејност се издвојува преработувачката индустрија со 13% во ОГБ, 11% во Скопје и 12% во РМ, како и сообраќај, складирање и врски со 13% во ОГБ, и по 8% во Скопје и РМ. Потоа следат компаниите од сегментот на недвижности и бизнис активности со 7% во ОГБ, 8% во РМ до 14% во градот Скопје. Компаниите од градежништвото се присутни со 5%, како и компаниите од сегментот на комунални, културни, лични и општи услужни активности, освен во градот Скопје каде нивното учество е цели 10%. Компаниите кои се од дејноста здравство и социјалната работа, образование како и хотелиерство и ресторани учествуваат со 3%, 4% и 3% во ОГБ, 4%, 3% и 4% во Скопје и 5%, 3% и 5% во РМ. Компании со најмало учество во вкупната маса на компании доаѓаат од сегментот на земјоделие, лов и шумарство, и таа состојба е 1% во ОГБ и Скопје и 3% во РМ. Во 2011г. во однос на активните деловни субјекти според сектори на дејност, најголемо учество имаат трговија на големо и мало со 38% во РМ, 34% во Скопје и 38% во ОГБ, што претставува процентуално намалување од 4% во РМ, 3% во Скопје и 5% во ОГБ во вкупното учество во однос на 2008г. Преработувачката индустрија учествува со 11% во РМ, 10% во Скопје и 13% во ОГБ, со намалување од 1% во РМ и Скопје, додека во ОГБ е на исто ниво во однос на 2008г. Деловните субјекти во делот на транспорт и складирање во 2011г. учествуваат со 9% во РМ, 8% во Скопје и 14% во ОГБ, што претставува зголемување од 0,6% во РМ, во Скопје нивото е непроменето, додека во ОГБ има пораст од 0,7% во однос на 2008г. Компаниите од сегментот на недвижен имот учествуваат со 0,6% во РМ, 1,1% во Скопје и 1% во ОГБ, што претставува драстично намалување од 7,4% во РМ, 12,5% во Скопје односно 6,4% во ОГБ во однос на 2008г. Во сегментот на градежништво во 2011г. учеството е 6% во РМ, 7% во Скопје и 6% во ОГБ, што претставува зголемување од 2% во РМ, 1% во Скопје и 1% во ОГБ во однос на 2008г. Во однос на компаниите во други услужни дејности во 2011г., тие процентуално учествуваат со 6% во РМ, 8% во Скопје и 5% во ОГБ, што е намалување за 0,5% во РМ, 1,7% во Скопје, додека во ОГБ имаме раст од 0,1% во однос на 2008г. Здравството и социјалната работа во 2011 година учествува со по 4% во РМ и Скопје, и 3% во ОГБ, што претставува намалување за 0,9% во РМ, 0,3% во Скопје и 0,3% во ОГБ. Образованието во 2011г. учествува само со по 1% во РМ, Скопје и ОГБ, што претставува процентуално намалување на учеството од 2,2% во РМ, 2% во Скопје и 3,1% во ОГБ во однос на 2008г.. Наспроти образованието кое бележи процентуално намалување во структурата на активните деловни субјекти, стручните, научни и технички дејност во 2011г. имаат процентуално учество од 7% во РМ, 11% во Скопје и 6% во ОГБ поради што во извесна смисла се должи намалувањето на активните деловни субјекти во образованието. Активните деловни субјекти во сегментот на објекти за сместување и снабдување со храна (хотели и ресторани и други објекти) во 2011г. процентуално учествуваат со 6% во РМ, 5% во Скопје и 4% во ОГБ што претставува процентуално зголемување на учеството на овие субјекти во вкупната структура на деловни субјекти, и тоа за 0,8% во РМ, 0,8% во Скопје и 0,5% во ОГБ во однос на 2008г. Значајно во овој дел е да се истакне и порастот на учеството на активните деловни субјекти во делот на земјоделството, шумарството и рибарството , кое во 2011г. изнесуваше 4% во РМ, 1% во Скопје и 2% во ОГБ, што претставува зголемување од 1,3% во РМ, 0,3% во Скопје и 0,8% во ОГБ во однос на 2008г. Во прилог на овој сегмент е претставена и просечната нето плата по вработен по сектори на дејност по НКД рев.2 за Република Македонија за периодот 2011г. – 2013г.

График 52. – Активни деловни субјекти според сектори на дејност во %, 2008г.




Извор: Државен завод за статистика

График 53. – Активни деловни субјекти според сектори на дејност во %, 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 54. – Просечно исплатена нето плата по вработен, по сектори на дејност, по НКД рев. 2 во РМ, 2011 – 2013




Извор: Државен завод за статистика

**ДОМУВАЊЕ**

**Расположивост и вид на станови**

Во однос на расположивоста на становите мора да констатираме дека ОГБ не може да се пофали со големи можности во таа насока. Таа состојба ја имаме и на ниво на град Скопје и РМ. Расположивоста на слободни станови во ОГБ изнесува само 7% од вкупната маса на станови. Ваквата состојба ни дава јасна слика дека побарувачката на станови е се уште поголема во однос на понудата на станови, што влијае на релативно високата цена на недвижнината, односно на цената за м² станбен простор.

График 55. – Расположливост на станови, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Во сегментот на видови на станови доминираат двособните и трисобните станови со по 33% односно 34 %. За разлика од нив четирисобните станови зафаќаат 19%, додека петособните станови учествуваат со 8%. Едноисобните станови и гарсоњерите учествуваат со по 5%, и посебните соби со 1%. Оваа структура на становите според видот на станот е исклучително важна во проекциите на нови станбени градби. Притоа таа структура може и да се менува имајќи ја во предвид куповната моќ на граѓаните, популационата политика, формирањето брачна и семејна заедница, итн. Во 2012г. во однос на видот на станови кои се во групата на новоградба, гледаме дека и понатаму се задржува доминантната градба на двособни и трособни станови, со таа разлика што имаме изразено процентуално намалување на градбата на двоособни станови во вкупната градба ( од 33% во 2002г. на 25% во 2012г.). Едноисобните станови пораснале од 5% во 2002г. на 7% во 2012г., како и значаен пораст на градбата на 4-собни (17%) и 5-собни станови (10%) во 2012г. Во прилог преглед на состојбата со просечната цена на станови по м2 во РМ и Скопје, како и високоградба на деловни и индивидуални објекти во РМ и скопскиот плански регион.

График 56. – Вид на станови, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

График 57. –Вид на станови, 2012г.




Извор: Државен завод за статистика

График 58. – Вид на станови во %, 2012г.




Извор: Државен завод за статистика

График 59. – Просечни цени на станови за кои е договорена градба по 1м2 во РМ и Скопје, 2007г. и 2012г.




Извор: Државен завод за статистика

График 60. – Високоградба на деловни објекти во РМ и скопски регион, 2006 - 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

График 61. – Високоградба на индивидуални објекти во РМ и скопски регион, 2008 – 2011г.




Извор: Државен завод за статистика

**Станови според нивната намена**

Со оглед на основната функција поради која и становите се градат, становите за живеење во ОГБ го имаат главниот збор во оваа структура со околу 89 %. Становите кои се користат за живеење и бизнис се само 1%, што ни дава некои индиции дека претприемачкиот дух не е толку силно изразен од една страна, но од друга страна и дека становите за живеење во основа и не се користат за бизнис или некоја претприемачка активност. Со 3% учествуваат становите за рекреација и одмор. Овој процент е поголем и во однос на градот Скопје и РМ, што ни дава информации дека во ОГБ има локации кои се интересни за одмор и рекреација.

График 62. – Според намена на станот, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

**Домаќинства според видот на сопственост на станот**

Според видот на сопственоста домаќинствата се јавуваат во различна улога во однос на становите во кои живеат. Во тој поглед доминираат домаќинствата кои се сопственици на своите станови со 87%. Во улога на закупци на своите станови се јавуваат само 3% од домаќинствата, додека во однос на станови стекнати на основа на некое сродство, имаме 9% на домаќинства.

График 63. – Домаќинства според типот на сопственост на станот, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

**Домаќинства според системот на греење на станот**

Од аспект на системот на греење на станот кој го имаат граѓаните, можеме да заклучиме дека состојбата во ОГБ во овој сегмент не е воопшто поволна. Структурата на изворите на греење на становите во ОГБ драстично се разликува во однос на таа на ниво на градот Скопје кога станува збор за централното греење на домаќинствата. Во градот Скопје греењето на становите со централно греење е за двапати (33%) подостапно во однос на ОГБ (14%). Со оглед на фактот што овие податоци се од пописот 2002 г., во изминативе неколку години во ОГБ во голема мера се подобри состојбата со покриеноста на становите со централно греење, пред се во урбаниот дел, на пример преку системот за централно греење на ЕЛЕМ - Енергетика.

График 64. – Станови според системот на греење, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Во однос на парното греење од сопствена инсталација, процентуалното учество е релативно мало (меѓу 4 - 7%), каде доминираат инсталациите на електрична енергија (40%), дрво (28%) и течни горива (29%).

График 65. – Парно греење со сопствено инсталација, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

Најголемо учество во загревањето на становите на домаќинствата имаат т.н. печки (81%) кои користат различни извори на загревање. Во структурата на овој начин на загревање на становите најзастапени извори на загревање се дрвото со 65% (ОГБ), 56% (град Скопје), 82% (РМ), и електричната енергија со 33% (ОГБ), 43 ( Скопје) и 17% (РМ).

График 66. – Загревање на станот според изворот на греење, Попис 2002г.




Извор: Државен завод за статистика, Попис 2002г.

## ФИНАЛНИ СОГЛЕДУВАЊА

Поради немањето релевантни податоци во 2011 година на ниво на општина Гази Баба за одредени статистички категории, ги презентираме претходно детектираните резултати од пописот во 2002г., односно со цел да се согледа трендот на движење за одделни важни статистички категории ги користиме податоците за РМ или скопскиот регион за 2011г. кои во голема мера корелираат со тие во ОГБ.

## НАСЕЛЕНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

- Во 2011г. во старосната група 25 – 65 години живеат 56% од вкупната популација во ОГБ што е за 1% повеќе од 2002г., односно 1/3 од популацијата над 50 години.
- Населението во ОГБ старее.
- Во временскиот период 2002 – 2011г. порастатот на населението во ОГБ од старосната група 65 – 84 години за 4% во однос на 2002г., наспроти намалувањето на населението од најмладата старосна група од 0 – 14 години за 2% во однос на 2002г.
- Пораст на бројот на населението во временскиот период 2002 – 2011 година за 4% во ОГБ во однос на 2002 година.
- ОГБ претставува мултикултурна средина со етничка структура на населението која во голема мера ја отсликува состојбата во РМ и градот Скопје.
- Индивидуалните семејни домаќинства претставуваат 90% од сите домаќинства во ОГБ, каде семејствата со 4 члена се најзастапени.

- Трите најприсутни степени на образование (средно образование, више и високо образование), со 77% во рамки на старосната група 25 – 34 години во ОГБ.
- Најголем напредок во сегментот на високото образование кај старосната група 25 – 34 години во ОГБ.
- Се зголемува учеството на високообразованите лица за речиси 5% на ниво на РМ во 2011г. во однос на 2002г.
- Степенот на образование во корелација со стапката на вработеност (највисока стапка на вработеност има кај лицата со терцијарно високо образование).

## СОЦИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Повеќе од 50% мажи и жени влегле во брачна заедница.
- 45% од машката популација и 37% од женската популација се самци.
- Расте бројот на разведени жени и вдовици во однос на разведени мажи и вдовци.
- Позитивен природен прираст на населението во ОГБ.
- Негативните миграциони движења од минатото стабилизирани.

## ВРАБОТЕНОСТ И НЕВРАБОТЕНОСТ

- Релативно намалување на економски неактивно население во РМ кое достигнува до 43% во 2011г., што е намалување од цели 6% во однос на 2002г..
- Кај економско активното и вработено население најголемо учество има населението на возраст помеѓу 25 – 39 години и над 40 години и во 2011 година.
- Во однос на половата застапеност и понатаму доминира машката популација.
- Повеќе од 80% од невработените се повеќе од една година невработени и во 2011година.
- Од аспект на занимањата и понатаму доминира вработеноста на трговците и техничките занимања и во 2011година.
- Од аспект на индустријата најмногу вработени апсорбира преботувачката индустрија, трговијата и земјоделието во 2011г.
- Од аспект на дејноста најголем дел од компаниите доаѓаат од преработувачката индустрија, трговијата и сообраќај и врски.
- Од аспект на големината на претпријатијата доминираат во апсолутна смисла малите претпријатија кои претставуваат 80 – 90% од вкупниот број на претпријатија. Во тој сегмент треба и да го бараме решението во економскиот и социјалниот простор.
- Пораст на бројот на претпријатија како во однос на нивната големина така и во однос на бројот на вработени за 10%.

## ДОМУВАЊЕ

- Малата понуда на слободни станови според вид и намена директно влијае на високата цена на недвижнина.
- Малата застапеност на централното парно греење наспроти користењето на електричната енергија како извор на греење.